**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ОСТУ „Наце Буѓони“ – Куманово за период од 2024-2026 година

Врз основа на Законот за средно образование ОСТУ „Наце Буѓони“ – Куманово изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2024/2025 и 2025/2026 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 08.05.2026 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1.Елизабета Трајковска - социолог
2.Ќендреса Мустафи - дефектолог
3.Виолета Крајиновиќ Ѓеоргиевска -предметен наставник
4.Аделина Белули – предметен наставник
5.Синиша Јаќимовиќ - родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот април-август 2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 8 тима за 8 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Број | Подрачје | Координатор | Членови |
|---|---|---|---|
| 1 | **НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ** | Весна Ристовска | Биљана Кушински<br>Халим Мисини<br>Катрин Михајловиќ<br>Валдете Арифи |
| 2 | **ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | Ивана Симоновска | Јасминка Ѓорѓиевска<br>Есра Бектеши<br>Елизабета Трајковска<br>Фљанза Џафери |
| 3 | **УЧЕЊЕ И НАСТАВА** | Катерина Пешевска | Жаклина Тошиќ<br>Валбона Џељадини<br>Весна Анѓеловиќ<br>Есра Бектеши |
| 4 | **ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ** | Магдалена Трајановиќ | Надица Трајковска<br>Салим Абдули<br>Симона Трајковска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Ќендреса Мустафи |
| 5 | **УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | Михајло Петковски | Сашо Илиевски<br>Маљинда Куртиши<br>Сања Бојковска<br>Фадбарк Даути |
| 6 | **РЕСУРСИ** | Бобан Максимовски | Александер Цветков<br>Наим Мисини<br>Марјан Спасиќ<br>Фатри Салиу |
| 7 | **УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ** | Жаклина Јанакиевска | Магдалена Георгиевска<br>Еркан Ајдини<br>Ленче Ѓошевска Анѓеловиќ<br>Вјоса Бајрами |
| 8 | **СОРАБОТКА СО ПАЗАРОТ НА ТРУД** | Новица Ѓорѓевски | Биљана Стојковиќ Спасовски<br>Суат Даипи<br>Златко Гиновски<br>Бујар Далипи |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 14.08.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

Подрачје 1: **Наставни планови и програми**

| | |
|---|---|
| Опис/резиме на подрачјето | Анализата покажа дека наставните планови и програми успешно се реализираат согласно насоките на Министерството за образование и наука и Центарот за стручно образование и обука. Во изминатиот период училиштето успешно ги имплементираше реформите во стручното образование, воведе нови квалификации и активно работеше на усогласување на образовните профили со потребите на пазарот на трудот. Посебно значајна е воспоставената соработка со голем број компании и институции, преку која учениците стекнуваат практични знаења и компетенции неопходни за нивниот професионален развој. |
| Силни страни | • целосната реализација на наставните планови и програми;<br>• успешното воведување нови образовни профили и дуално образование;<br>• развиената соработка со стопанството и институциите;<br>• инклузивниот пристап кон учениците со посебни образовни потреби;<br>• кариерното советување, проектните активности и програмите за професионален развој на учениците. |
| Слаби страни | • анализата укажува дека е потребно дополнително да се унапреди информирањето на родителите,<br>• да се зголеми вклученоста на учениците во изборот на активности и изборни содржини,<br>• наставата уште повеќе да се збогати со интерактивни и современи методи на работа.<br>• Анкетите покажуваат дека дел од учениците имаат забелешки во однос на разновидноста на наставата и праведноста при оценувањето, што претставува важен предизвик за следниот период. |
| Приоритети | • поголема примена на современи наставни методи;<br>• проширување на воннаставните активности;<br>• подобрување на комуникацијата со родителите; |

| | |
|---|---|
| | • поголема вклученост на учениците во планирањето на наставните и проектните активности. |

Подрачје 2: **Постигања на учениците**

| | |
|---|---|
| Опис/резиме на подрачјето | Самоевалуацијата покажува дека училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците преку различни инструменти за оценување, анализа на успехот и следење на напредокот. Редовно се организира дополнителна и додатна настава, се обезбедува поддршка за учениците кои имаат потешкотии во учењето, но и за учениците кои покажуваат високи способности и учествуваат на натпревари. |
| Силни страни | • континуираното следење на успехот,<br>• организирањето советувања со ученици и родители,<br>• преземањето мерки за подобрување на постигањата кога ќе се утврдат потешкотии. |
| Слаби страни | • Од анализите произлегува дека и понатаму треба да се работи на намалување на бројот на ученици со намален успех и нередовност,<br>• зголемување на мотивацијата за учење и јакнење на личната одговорност кај учениците. |
| Приоритети | • континуирано следење на успехот;<br>• рана интервенција кај учениците со потешкотии;<br>• поголема мотивација за учење;<br>• поголема соработка со родителите при подобрување на постигањата. |

Подрачје 3: **Учење и настава**

| | |
|---|---|
| Опис/резиме на подрачјето | Во ова подрачје самоевалуацијата покажува дека наставниот процес се реализира во согласност со наставните програми и годишните планирања. Наставниците применуваат различни методи и форми на работа, користат современи наставни средства и континуирано работат на своето професионално усовршување. |
| Силни страни | • добра подготовка на наставниците, позитивната соработка меѓу наставниот кадар, |

| | |
|---|---|
| | • користењето ИКТ во наставата и<br>• постојаното стручно усовршување. |
| Слаби страни | • анализата покажува дека постои простор за уште поголема примена на интерактивни методи,<br>• истражувачко учење,<br>• поголема активност на учениците за време на наставата и<br>• поинтензивна употреба на современи дигитални алатки. |
| Приоритети | • унапредување на квалитетот на наставата;<br>• поголема активна вклученост на учениците;<br>• примена на иновативни наставни стратегии;<br>• континуирано професионално усовршување на наставниците. |

Подрачје 4: **Поддршка на учениците**

| | |
|---|---|
| Опис/резиме на подрачјето | Самоевалуацијата покажа дека училиштето обезбедува континуирана грижа за учениците преку работата на стручната служба, класните раководители и наставниците. Посебно внимание се посветува на учениците кои имаат потешкотии во учењето, намален успех, нередовност, проблеми во однесувањето, како и на учениците со посебни образовни потреби и талентираните ученици.<br>Во текот на двегодишниот период беа реализирани бројни индивидуални и групни советувања со ученици и родители, работилници за развој на животни вештини, активности за професионална ориентација, превенција од насилство, промоција на менталното здравје и зајакнување на воспитната улога на семејството. Посебно значење има работата на Инклузивниот тим, функционирањето на Кариерниот центар, како и реализацијата на повеќе проекти за психосоцијална поддршка и развој на учениците. |
| Силни страни | • добро организирана работа на стручната служба;<br>• навремена идентификација на учениците на кои им е потребна поддршка;<br>• континуирани советувања со ученици и родители;<br>• активна инклузивна политика; |

| | |
|---|---|
| | • квалитетна професионална ориентација и кариерно советување;<br>• реализација на превентивни и едукативни програми за здравје, безбедност и личен развој. |
| Слаби страни | • и понатаму треба да се работи на уште поинтензивно вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес,<br>• навремено препознавање на ризичните фактори кај учениците и<br>• понатамошно јакнење на менталното здравје и благосостојбата на учениците. |
| Приоритети | • понатамошно јакнење на советодавната работа;<br>• проширување на програмите за ментално здравје;<br>• поголема вклученост на родителите;<br>• развивање дополнителни активности за поддршка на учениците со различни потреби. |

Подрачје 5: **Училишна клима и односи во училиштето**

| | |
|---|---|
| Опис/резиме на подрачјето | Во ова подрачје резултатите покажуваат дека училиштето претставува безбедна, демократска и инклузивна средина во која се почитуваат правата, достоинството и различностите на сите ученици и вработени. Во училиштето редовно се организираат активности за превенција од насилство, промоција на недискриминација, човекови права, толеранција, мултикултурализам и ненасилна комуникација. Активно функционираат ученичките тела, се реализираат хуманитарни акции, спортски и културни настани, а учениците имаат можност да учествуваат во бројни проекти и јавни манифестации. |
| Силни страни | • позитивна училишна атмосфера;<br>• почитување на различностите;<br>• развиена култура на соработка;<br>• активно учество на учениците во општествени, културни и хуманитарни активности;<br>• континуирани активности за превенција од насилство и дискриминација. |

| | |
|---|---|
| Слаби страни | • анализата покажува дека секогаш постои простор за уште поголемо учество на учениците во донесувањето одлуки,<br>• поголема промоција на ученичките иницијативи<br>• дополнително јакнење на чувството на припадност кон училиштето. |
| Приоритети | • поголема активност на ученичките организации;<br>• дополнително јакнење на демократската култура;<br>• развивање нови превентивни активности;<br>• поголема промоција на позитивните вредности и училишните успеси. |

Подрачје 6: **Ресурси**

| | |
|---|---|
| Опис/резиме на подрачјето | Самоевалуацијата покажува дека училиштето располага со просторни, материјално-технички и кадровски ресурси кои овозможуваат реализација на воспитно-образовниот процес. Во изминатиот период се работеше на подобрување на условите за настава, набавка на нова опрема, осовременување на кабинетите и подобрување на условите за практична настава. Наставниот кадар е стручен и континуирано се вклучува во обуки, семинари и професионален развој.<br>Анализата, исто така, укажува дека училиштето својата воспитно-образовна дејност ја реализира во две училишни згради, при што постојат разлики во материјално-техничките услови. Во објектот во кој наставата ја следат учениците од албански наставен јазик е евидентирана потреба од надминување на одредени инфраструктурни и технички недостатоци, како и од подобрување на условите за изведување на наставата. Потребно е да се инвестира во реконструкција и модернизација на просторот, подобрување на опременоста на кабинетите, обновување на наставните средства и создавање еднакви услови за квалитетно образование за сите ученици. |

| | |
|---|---|
| Силни страни | • Училиштето располага со соодветни просторни, материјално-технички и кадровски ресурси за реализација на воспитно-образовниот процес.<br>• Континуирано се вложува во подобрување на условите за настава и осовременување на наставната опрема.<br>• Кабинетите и работилниците постепено се модернизираат согласно потребите на наставата.<br>• Наставниот кадар е стручен, квалификуван и активно учествува во обуки, семинари и други форми на професионален развој.<br>• Постои заложба за воведување современи технологии и подобрување на условите за практична настава.<br>• Училиштето препознава потреба од континуирано унапредување на ресурсите и планира активности за нивно подобрување. |
| Слаби страни | • Постојат разлики во материјално-техничките услови меѓу двата училишни објекта.<br>• Објектот во кој наставата се изведува на албански наставен јазик има инфраструктурни и технички недостатоци.<br>• Дел од кабинетите и наставната опрема не ги задоволуваат целосно современите стандарди на стручното образование.<br>• Потребно е дополнително обновување и модернизација на наставните средства и дигиталната опрема.<br>• Просторните услови во двата училишни објекта бараат понатамошно подобрување. |
| Приоритети | • модернизација на кабинетите и работилниците;<br>• набавка на современа ИКТ и стручна опрема;<br>• подобрување на просторните услови во двата училишни објекта, со посебен акцент на отстранување на инфраструктурните и техничките недостатоци во објектот каде што наставата се изведува на албански наставен јазик;<br>• обезбедување еднакви услови за учење и работа за сите ученици и наставници; |

| | |
|---|---|
| | • континуирано стручно усовршување на наставниот кадар. |

Подрачје 7: **Управување, раководење и креирање политика**

| | |
|---|---|
| Опис/резиме на подрачјето | Анализата на ова подрачје покажува дека училиштето има јасно поставена организациска структура и воспоставен систем на управување кој овозможува успешно планирање, координација и реализација на воспитно-образовниот процес. Раководството, стручните органи и наставниците активно учествуваат во креирањето на училишните политики, донесувањето на програмските документи и реализацијата на развојните активности.<br>Во текот на изминатиот двегодишен период успешно се реализираа бројни активности насочени кон модернизација на училиштето, подобрување на квалитетот на наставата, развој на партнерства со локалната заедница и создавање услови за поголема ефикасност во работењето. |
| Силни страни | • јасно дефинирана визија и мисија на училиштето;<br>• транспарентно и одговорно управување;<br>• активно функционирање на стручните органи и тела;<br>• добра комуникација помеѓу раководството, наставниците и стручната служба;<br>• стратешко планирање и континуирано следење на реализацијата на програмите. |
| Слаби страни | • Потребно е поголемо вклучување на сите засегнати страни (ученици, родители, локална заедница и социјални партнери) во процесите на планирање и донесување одлуки.<br>• Системот за обезбедување и следење на квалитетот може дополнително да се унапреди.<br>• Потребно е понатамошно јакнење на тимската работа и партиципативното управување.<br>• Потребно е континуирано развивање и ажурирање на стратешките политики согласно новите образовни предизвици.<br>• Потребно е поефикасно следење на реализацијата и ефектите од развојните цели и активности. |

| | |
|---|---|
| Приоритети | • Развој и редовно ажурирање на стратешките документи и училишните политики согласно современите образовни потреби.<br>• Континуирано следење, евалуација и анализа на реализацијата на развојните цели и преземање мерки за нивно унапредување.<br>• Зајакнување на партнерствата со локалната заедница, институциите и стопанскиот сектор во функција на развојот на училиштето. |

Подрачје 8: **Соработка со пазарот на трудот**

| | |
|---|---|
| Опис/резиме на подрачјето | Училиштето континуирано развива и унапредува соработка со работодавачи, компании, јавни институции, организации и други релевантни субјекти од локалната заедница, со цел да се обезбеди квалитетно поврзување на образовниот процес со реалните потреби на пазарот на труд.<br>Соработката со социјалните партнери претставува значаен предуслов за успешно реализирање на практичната настава, учењето преку работа, феријалната практика и професионалната ориентација на учениците. Преку воспоставените партнерства, учениците добиваат можност за стекнување практични знаења и вештини во реална работна средина, запознавање со современите технологии и работни процеси, како и непосреден контакт со потенцијални идни работодавачи.<br>Училиштето настојува соработката со работодавачите да биде континуирана и да се развива преку редовна комуникација, размена на информации, заедничко планирање и следење на реализацијата на практичната обука и учењето преку работа.<br>Во рамките на својата работа, училиштето има воспоставено партнерства и склучено договори и меморандуми за соработка со компании, институции и организации. |
| Силни страни | • Целосно се назначени наставници и координатори за реализација на учењето преку работа.<br>• Инфраструктурата и условите кај работодавачите се усогласени со барањата на наставните програми.<br>• Постои добра соработка помеѓу училиштето и работодавачите при изготвување на програмите за учење преку работа. |

| | |
|---|---|
| | • Вработените кај работодавачите се запознаени со процесот на учење преку работа и нивната улога во оспособувањето на учениците.<br>• Обезбедени се услови за безбедност и здравје при работа, осигурување на учениците и средства за лична заштита.<br>• Се користат дневници за учење преку работа и јасно дефинирани критериуми за следење и вреднување на постигањата.<br>• На учениците им е претставен Кодексот на однесување.<br>• Обезбедени се услови за инклузивно учество преку елиминирање на бариерите и разумно прилагодување на условите за учениците со попреченост.<br>• Кај најголемиот дел од работодавачите се потпишани меморандуми за соработка и трипартитни договори. |
| Слаби страни | • Не сите работодавачи располагаат со сертифицирани ментори за практична обука.<br>• Кај дел од работодавачите не е изработен план за реализација на практичната обука.<br>• Нееднаква достапност до алати, опрема и машини кај сите работодавачи.<br>• Дел од компаниите не обезбедуваат превоз за учениците кога постои потреба.<br>• Обезбедувањето дневен оброк за учениците не е практика кај сите работодавачи.<br>• Дополнителното осигурување е обезбедено кај мал број работодавачи.<br>• Кај дел од работодавачите не се обезбедуваат специфични услови (лекарски преглед, изјава за чување деловна тајна) кога тие се потребни согласно дејноста.<br>• Ниско ниво на интерес и мотивација кај дел од учениците. |
| Приоритети | • Да се зголеми бројот на сертифицирани ментори за практична обука кај работодавачите.<br>• Да се обезбеди целосна примена на плановите за реализација на практичната обука и потпишување |

| | |
|---|---|
| | на трипартитни договори со сите компании-партнери.<br>• Да се унапреди соработката со работодавачите за обезбедување дополнителна поддршка на учениците (превоз, дневен оброк и други услови каде што е возможно).<br>• Да се следи исполнетоста на специфичните услови за практична обука во зависност од дејноста и да се обезбеди нивна примена каде што тоа го бара законската регулатива.<br>• Да се продолжи со редовно следење и евалуација на квалитетот на учењето преку работа преку заеднички состаноци со работодавачите и наставниците.<br>• Да се прошири мрежата на компании кои ги исполнуваат сите услови за квалитетна реализација на учењето преку работа. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:**

**1.Континуирано модернизирање на материјално-техничката база** преку набавка на современа лабораториска, машинска, информатичка и стручна опрема, согласно потребите на техничките струки и барањата на пазарот на трудот.

**2**.**Подобрување на условите за практична настава** преку доопремување на кабинетите, лабораториите и работилниците и нивно усогласување со современите технолошки стандарди.

**3.Реконструкција и унапредување на инфраструктурата** во двата училишни објекта, со цел обезбедување безбедни, функционални и еднакви услови за учење и работа.

**4.Зајакнување на соработката со компании, институции и локалната самоуправа** за организирање поквалитетна практична обука, ученичка пракса, дуално образование и полесна вработливост на учениците.

**5.Континуирано стручно усовршување на наставниот кадар**, особено во областа на современите технологии, дигиталната настава, иновативните методи на поучување и компетентностите за стручно образование.

**6.Поголема примена на дигитални технологии во наставата**, развој на електронски наставни материјали и користење современи образовни платформи.

**7.Унапредување на системот за следење и обезбедување на квалитетот**, преку редовно анализирање на постигањата, резултатите од самоевалуацијата и реализацијата на развојните цели.

**8.Поголемо вклучување на учениците, родителите и социјалните партнери** во креирањето на училишните политики, развојните планови и активностите за подобрување на квалитетот.

**9**.**Подобрување на мерките за безбедност, здравје и заштита при работа**, особено во кабинетите и работилниците каде се реализира практичната настава.

**10**.**Зголемување на учеството во национални и меѓународни проекти (Еразмус+ и други)** со цел размена на добри практики, професионален развој на наставниците и стекнување нови компетенции кај учениците.

**11.Развивање на систем за кариерно советување и професионална ориентација**, преку интензивирање на соработката со стопанството и високообразовните институции.

**12.Обезбедување дополнителни финансиски средства** преку проекти, партнерства и донаторски програми за континуирано подобрување на условите за работа и наставниот процес.

Комисија за спроведување на самоеваулација:

1.Елизабета Трајковска - социолог
2.Ќендреса Мустафи - дефектолог
3.Виолета Крајиновиќ Ѓеоргиевска -предметен наставник
4.Аделина Белули – предметен наставник
5.Синиша Јаќимовиќ - родител